С. МАКЕДОНИЈА

THE WORLD BANK

# Подготвеност за инвестирање во приватниот капитал на Западен Балкан

Поддршка за финансиско управување на микро, малите и средни претпријатија (ММСП) за пристап до финансирање на приватниот капитал

## 1 октомври 2019 година

**Стопанска комора на Македонија**
**сала 4 на 5-ти кат**
**Димитрие Чуповски бр.13**
**Скопје**

Работилницата на Светска банка во соработка со
Стопанска комора на Македонија


СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

EU-REPARIS is funded by the European Union and is a part of WB EDIF

WB EDIF
Western Balkans Enterprise Development and Innovation Facility

EU REPARIS

# АГЕНДА

Подготвеност за инвестирање во приватниот капитал на Западен Балкан

**8:15 - 9:00** **РЕГИСТРАЦИЈА НА УЧЕСНИЦИТЕ**

**9:00 - 9:15** **ВОВЕДНИ ОБРАЌАЊА**

- Претставник од Стопанската комора на Македонија;
- Претставник од Делегацијата на ЕУ

**9:15 - 10:00** **ВОВЕД**

**ПРЕГЛЕД**

**1 дел:** Претставување на дневната програма, „онлајн“ курсот и инфографските водичи за претприемачите од ММСП-а. Што претставува инвестициска подготвеност и која е Вашата улога?

**2 дел:** Преглед на главните теми на „онлајн“ курсот вклучувајќи го начинот на функционирање на фондовите на приватен капитал и како да се соработува со нив, нивниот пристап кон структурирањето на договорот и корпоративното управување во потфатите со приватен капитал.

**ЦЕЛИ**

- Претставување на индустријата на приватен капитал и нејзините актери;
- Идентификување на димензиите на инвестициска подготвеност;
- Идентификување на улогата на финансискиот менаџмент во подготвеноста за инвестиции од приватен капитал и начинот на којшто учесниците можат да им помогнат на своите клиенти;
- Претставување на „онлајн“ курсот;
- Приказ на иконографските водичи што се подготвени за претприемачи.

Говорници: **Џон Хоџ,** *виш специјалист за финансиски менаџмент,*
*Центар за реформа во финансиското известување, Светска банка;*
**Гавин Рајан,** *консултант од Светска банка*

**10:00 - 10:30** **ПАУЗА ЗА КАФЕ**

**10:30 - 12:00** **ИНВЕСТИЦИИ ОД ПРИВАТЕН КАПИТАЛ: ПРЕГЛЕД НА ПАЗАРОТ, СТРУКТУРИРАЊЕ НА ДОГОВОР, ОЦЕНУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ И ДЛАБИНСКА АНАЛИЗА**

**ПРЕГЛЕД**

Преглед на пазарот на приватен капитал и начинот на кој менаџерите на фондот идентификуваат инвестиции. Разбирање и согледување на придобивките од спроведување на длабинска анализа.

Преглед на начинот како инвеститорите на приватен капитал ги оценуваат компаниите и кои се главните фактори што го одредуваат начинот на којшто се структурираат и преговараат договорите за приватен капитал.

**ЦЕЛИ**

- Стекнување преглед за тоа како функционира приватниот капитал;
- Разбирање на клучни прашања во структурирањето на договори за приватен капитал;
- Разбирање на стилот на оценување на вредноста на приватниот капитал и што може да се стори за да се зголеми вредноста на вашата компанија пред договорот;
- Разбирање на процесот на длабинска анализа: длабинска анализа на страната на купувачот и продавачот.

Обучувач: **Гавин Рајан,** консултант од Светска банка

**12:00 - 13:00** **ПАУЗА ЗА РУЧЕК СО ВМРЕЖУВАЊЕ**

**13:00 - 14:30** **КОМУНИЦИРАЊЕ И ПРЕГОВАРАЊЕ ЗА „ИНВЕСТЛИВОСТА“ НА БИЗНИСОТ НА ВАШИОТ КЛИЕНТ**

**ПРЕГЛЕД**

Создавањето на ефективен прв впечаток за компанијата е суштинско со цел да се одвоите од толпата. Меките вештини се важна состојка на успехот. Пристапот при прегоравањето е фактор на личен стил, културни фактори и конкретни пристапи на приватниот капитал коишто треба да се земат предвид.

**ЦЕЛИ**

- Учење како да се создаде ефективен тизер за компанијата и неодолив „говор во лифт“;
- Стекнување на преглед на најдобри практики при преговарање;
- Идентификување на личниот стил и културни аспекти во преговорите по пат на групни вежби.

Обучувачи: **Џон Хоџ,** *виш специјалист за финансиски менаџмент, Центар за реформа во финансиското известување, Светска банка;*
**Гавин Рајан,** *консултант од Светска банка*

**14:30 - 14:45** **ПАУЗА ЗА КАФЕ**

**14:45 - 16:15** **ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА НА ТЕМА: ПОДГОТВКА ЗА СОБИРАЊЕ НА КАПИТАЛНИ ФИНАНСИИ**

**ПРЕГЛЕД**

Истакнати членови на регионални и домашни инвестициски заедници ќе дискутиираат за можностите на ММСП-а да соберат недолжнички финансии и за важните работи што треба да се земат предвид со цел да се биде успешен при пристапот до такви финансии.

**ЦЕЛИ**

- Идентификување на актуелни извори на финансирање и потенцијални идни извори;
- Стекнување на согледувања од панелистите за тоа што е важно за успех на ММСП-а при барање капитални финансии.

**ТЕМИ ШТО ЌЕ СЕ ДИСКУТИРААТ:**

- Актуелни можности за собирање недолжнички финансии;
- Одржливи извори на капитални финансии на среден и долг рок и вопсоставување на инвестицискиот цевковод;
- Регионални/државни успешни приказни;
- Што е важно, од перспектива на финансиски менаџмет, при подготовката за барање на финансирање од приватен капитал;
- Актуелната проценка на корпоративната управа и финансиска транспарентност и на кој начин ова може да се одрази на ивестициската клима.

Модератори: **Џон Хоџ,** *виш специјалист за финансиски менаџмент, Центар за реформа во финансиското известување, Светска банка;*
**Гавин Рајан,** *консултант од Светска банка*

**16:15 - 16:30** **Затворање на работилницата**